**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ 2** **VI семестар 2024/2025**

**Урбанистичко планирање на станбена зона**

На просторот кој е лоциран во населбата Тафталиџе, на локацијата од cca 14.5ха, ограничена со бул „Македонија", ул. „Лондонска", ул. „Прашка„ и бул. „8-ми Септември", да се планира станбена зона за 4.500 жители.
Станбената зона да биде организирана во повеќе станбени блокови со домување во станбени згради (А2).
Во рамките на опфатот да се предвидат и следните намени: основно училиште (В1), детска градинка (В2), комерцијални и деловни намени (Б1-Б4), спорт и рекреација (Д3), парк (Д1). Во рамките на офатот да се планира секундарната сообраќајна мрежа.
При изготвувањето на планската програма да се користат следниве показатели: учеството на деца од 0-5 годишна возраст изнесува 5,94% (од нив 40% посетуваат градинка); учеството на деца од 6-14 годишна возраст изнесува 13,56%, комплексите за В1 и В2 да се оформат според нормативот од 25-30 м2/корисник; да се предвиди парковско зеленило со површина од 3 м2/жител; површината за спорт и рекреација да изнесува 0,5 м2/жител, а површината за комерцијални и деловни намени да изнесува 20% од опфатот. Сообраќајниците во рамките на опфатот да зафаќаат 10-13% од површината, а дополнителни 1-2% да се предвидат за катни гаражи со намена (Е2). Бруто станбена површина по жител треба да изнесува 30 м2/жител, а просечната големина на домаќинствата 3,5 члена. Во рамките на површините наменети за домување (А2) потребите за паркирање да се пресметуваат со норматив 1 возило на 80 м2 изградена станбена површина /стан. Од вкупниот број на овие возила 20% се паркираат на ниво на теренот, а останатите под нивото на теренот во рамките на парцелите со намена А2.
Паркирањето за останатите намени се пресметува според нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
Задачата опфаќа анализа на постојната состојба, изработка на детална планска програма, план на намена на површините и урбанистичко решение со елементи на детален урбанистички план.

**Работата на задачата ќе се одвива низ следниве фази:**

**Т.1, 2 и 3** Анализа на постојната состојба. Изработка на планска програма. Тестирање на програмата низ работна скица.
**Т.4, 5 и 6** Рафинирање на програмата и нејзино дефинирање. Изработка на план на намена на површините со приказ на основните урбанистички показатели.
**Т.7 до 12** Изработка на урбанистичкото решение со елементи на детален урбанистички план.

**Задачата треба да ги содржи следниве прилози:**

1. Аналитички дел со заклучок
2. Планска програма
3. Намена на површините 1:1000/1:2500
4. Урбанистичко решение на дел од зафатот со обележување на основните и компатибилните намени, површините за градба, градежните парцели, регулационите и градежните линии и височините на изградба 1:1000
5. Сообраќајно решение со приказ на попречните профили на улиците и површините за стационарен сообраќај со потребен број на паркинг места 1:1000/1:500
6. 3D прикази
7. Образложение на урбанистичкиот концепт и основни урбанистички показатели

Задачата се предава на 16.06.2025 година. Предметен наставник: Проф. д-р Слободан Велевски

Урбанистичко планирање 2
летен семестар 2024-25

# Населба Карпош
# Локација „Алумина“



**A4 / 1:5000**

Урбанистичко планирање 2
летен семестар 2024-25

# Населба Карпош
# Локација „Алумина“




Урбанистичко планирање 2
летен семестар 2024-25
Населба Карпош
Локација „Алумина“
Брза магистрална улица
1. Бул. Македонија 'Б'
4 | 2.5 | 9 | 3 | 5.5 | 1 | 10.5 | 7 | 10.5 | 1 | 5.5 | 3 | 9 | 2.5 | 4
78
Магистрална улица
2. Бул. 8ми Септември 'А'
3 | 2.5 | 7 | 4 | 7 | 5 | 7 | 4 | 7 | 2.5 | 3
52
Колекторска улица
3. Ул. Лондонска
3 | 14 | 3
20
Станбена улица
4. Ул. Прашка
2 | 7 | 2
11
3
4
14.5ха
2
1
A4 / 1:5000